НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

# Резултати од повикот за предлог за доделување на финансиски средства за акцијата Студиски Посети во рамките на програмата „Доживотно Учење“ за 2009-2010

Врз основа на одлуката на Европскиот Парламент и Решението за воспоставување на програмата „Доживотно Учење“ од 15 Јануари 2006 година (1720/2006/ЕС), Европската Комисија распиша повик за предлог- проекти за програмата „Доживотно Учење“ 2009 година (DG EAC/31/08), односно посебен додаток на повикот за Република Македонија и Република Хрватска (DG EAC/31/08 - 2009/C 35/08). Во рамките на посебниот повик за аплицирање за акцијата студиски посети, крајниот рок за примање апликации беше 9 Април 2009. Висината на средствата кои беа предвидени за 2009-2010 година за Република Македонија изнесувше 7000 €.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност врз основа на член 3.6.2.3 од водичот за Национални Агенции назначи Евалуациски Комитет кој по проверката на формалната квалификуваност на предлог- проектите, односно по финансиската евалуација на добиените апликации, подготви предлог за доделување на финансиска поддршка- грант на одобрените апликации. Предлогот беше доставен до Директорот на Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност, кој ја потпиша Одлуката за доделување на финансиска поддршка.

Сите пристигнати апликации поминаа низ техничка проверка за квалификуваност, односно мораа да ги исполнат следниве критериуми:

- Формуларот за струдиски посети да е правилно и целосно пополнет електронски и на англиски јазик
- Формуларот за студиски посети да е пратен по пошта не подоцна од 9 Април 2009 година
- Формуларот за студиски посети да содржи печат и потпис на институцијата и правниот застапник

Во рамките на повикот за предлог за Студиски Посети - беа добиени 25 (дваесет и пет) апликации, од кои 5 (пет) не ги задоволија техничките критериуми за квалификуваност и беа одбиени. Останатите 20 (дваесет) ги задоволија техничките критериуми и продолжија во процесот на квалитативна евалуација.

По завршувањето на квалитативната евалуација првите 5 апликации беа избрани за грантирање а останатите 15 беа ставени на листа на чекање.

Порта Буњаковец А2-1, МК-1000 Скопје, Република Македонија; тел. (02) 3109 045, факс. (02) 3109 043
Веб: http://www.na.org.mk; е-пошта: info@na.org.mk

Во согласност со предлогот на Евалуацискиот Комитет и конечната одлука на Директорот на Националаната Агенција, доделени се следниве износи на финансиска поддршка:

| Бр. | Број на проектот | Лице | Институција | Доделен грант |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 2009-SV-01-MK-LLP-02797 | Маја Аврамовска Трпевска | Инситут за интернационална соработка на германска асоцијација за образование на возрасни -DVV international | **1.400€** |
| 2. | 2009-SV-01-MK-LLP-04270 | Блерим Златку | Стопанска комора на Северо-Западна Македонија | **1.345€** |
| 3. | 2009-SV-01-MK-LLP-04076 | Зоран Матевски | Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет, Институт за Социологија. | **1.220€** |
| 4 | 2009-SV-01-MK-LLP-03125 | Павел Пападимитров | Фонд за развој на човечки ресурси | **1.287,5€** |
| 5 | 2009-SV-01-MK-LLP-03860 | Климе Попоски | Универзитет "Св.Климент Охридски" Факултет за туризам и угостителство | **1.400€** |
| | | | **ВКУПНО:** | **6.652€** |